Уп. бр. 10-118

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 став (10) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 53/16, 83/18,208/24 и 16/2025) и член 124 став (1) алинеја 3) и став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) постапувајќи по службена должност на седницата одржана на ден 29.07.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-128 од 04.10.2023 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**О б р а з л о ж е н и е**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во понатамошниот текст: ДТИРЗ) на ден 23.07.2026 година, со допис бр. 13-1072/2 ( Наш број 03-215/2 од 23.07.2026 година) достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на технолошко индустриска развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ ХОЛДИНГ ГмбХ (BMZ HOLDING GmbH) со бр.13-1031/1 од 11.06.2025 година (во понатамошниот текст: Информација).

Во прилог кон дописот бр. 13-1072/2 од 23.07.2026 година, ДТИРЗ ги достави и Решението на КЗК Уп. бр. 10-128 од 04.10.2023 година, Договор бр. 13-1031/1 од 11.06.2025 година за доделување на државна помош на корисник на ТИРЗ, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ ХОЛДИНГ ГмбХ (BMZ HOLDING GmbH), Одлука на Управен одбор на ДТИРЗ за дадена согласност на Анекс-договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр. 02-1625/18 од 24.11.2025 година, Мислење од КЗК во врска со содржината на предлог-Анекс-Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник бр.10-69 од 17.09.2025 година, како и Одлука на Управен одбор на ДТИРЗ бр.02-1066/13 од 21.07.2026 за поништување на Одлуката бр.02-1625/18 од 24.11.2025 година.

Во дописот на ДТИРЗ е наведено дека со оглед на сопственичките и структурни промени кај Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ ХОЛДИНГ ГмбХ (BMZ HOLDING GmbH) и изминување на роковите кои беа предмет на Анекс-договорот бр.1, истиот не бил склучен и на ден 21.07.2026 година Управниот одбор на ДТИРЗ ја донел Одлуката бр.02-1066/13 за поништување на Одлуката бр.02-1625/18 од 24.11.2025 година за давање

согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-1031/1 од 11.06.2025 година.

Исто така, ДТИРЗ на ден 21.07.2026 година, со допис бр.13-1058/3 (Наш број 03-215/1) ја информираше КЗК дека со допис - Формално известување за затворање на објект и престанок на производството на БМЗ ДООЕЛ Илинден, бр.03-1040/1 од 17.07.2026 година (бр.03-710 од 16.07.2026 година), Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден известува дека трајно ќе ги прекине операциите во нивниот производствен објект лоциран на ул.106, бр.Блок /5 ТИРЗ Скопје, Бунарџик, Илинден во Република Северна Македонија. Во известувањето се наведува, сукцесивно пренесување на производството во БМЗ Полска. Престанокот на производствените активности во Северна Македонија и трансферот во Полска се потенцира дека ќе се одвиваат во неколку фази, кои се очекува да бидат комплетирани до 31 декември 2026 година.

КЗК со Решение Уп. бр. 10-128 од 04.10.2023 година утврдила дека мерките содржани во Известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош, претставуваат доделување на државна помош како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) како и доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони.

КЗК постапувајќи по службена должност согласно член 124 став (1) алинеја 3) и став (2) од Законот за општата управна постапка, со оглед на сите горенаведени податоци и поради непостоење на можност за извршување на Решението на КЗК УП бр. 10-128 од 04.10.2023 година, истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**